# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **12.06. 2020 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 7** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2020 година бр. 0801 - 809 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36,став1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа(Службен весник на РМ"br.5/02),и Програма за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе со бр.0801-785 од 18.05.2020 година, Советот на Општина Свети Николе на 52 седница одржана на 12.06. 2020 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2020 година**

**Чл.1**

Во програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2020 година се прават следниве измени.

**Чл.2**

**Во делот РАСХОДИ**

1. **Во Програма ЈГА- СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА –КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

-Во колоната за активности по четвртиот ред се додава нов ред кој гласи "Изградба на водоводна мрежа– с. Крушица".Во истиот ред во колоната на Буџет се додава износ од "1.000.000 денари".

2. **Во Програмата ЈДВ- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА**

- Во редот за активност “Реконструкција на улици во град Свети Николе ( ул. Јанко Глигоров,Октомвриска,Гоце Делчев –дел, Кочо Рацин-дел,Солунска и влез во с. Горобинци) **“** ,во истиот ред во колоната за Буџет износот од “7.300.000 денари” се менува со износ” 6.300.000 денари ”.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ” Службен гласник на Општина Свети Николе”.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0801-809** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **12.06. 2020 година** | **Претседател,** |
| **Свети Николе** | **Кире Алексов с.р** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствавта на Буџетот на Општина Свети Николе за 2020 година бр. 0801 - 810 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

| | |
|---|---|
| **Бр.0901- 817/2** | **Општина Свети Николе** |
| **12.06. 2020 година** | **Градоначалник,** |
| **Свети Николе** | **М-р. Сашо Велковски с.е.** |

Врз основа на член 36 став 1точка 2 од Законот на локална самоуправа(Сл.Весник на РМ бр.5/2002),а во врска со член 34од Законот за Буџети(Слжбен Весник на РМ бр.64/2005,2008,4/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/211,171/2012,192/2015 и 167/2016),Советот на Општина Свети Николе на ____одржана седница на __________2020 година донесе:

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ за 2020 година

### Член 1

Со оваа одлука се врш и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Опш тина ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ за 2020 година на следниот начин :

| Потпрограма | Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JDB** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА** | | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патиш та и автопати | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JGA** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | -400.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила со денот на донесување ,а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Свети Николе“за 2020 година.

Свети Николе

Бр. 0801-

Советот на ОпШтина Свети

Претседател

**Кире Алексов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за престанок и давање на трајно користење движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" – Свети Николе бр. 0801 - 811 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817/3**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), како и член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ„ бр.8/2005,150/2007,35/2011,166/2012 и 137/2013), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.06. донесе

**О Д Л У К А**

**за престанок и давање на трајно користење движни ствари на**

**ООУ "Кирил и Методиј" – Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука престанува правото на користење на Општина Свети Николе и се дава на ООУ "Кирил и Методиј" – Свети Николе на трајно користење, без надомест, движни ствари – Прозори марка Алпакан шестокоморни термоизолациони ПВЦ профили во количина од 45 парчиња. Вкупната вредност на движните ствари е во износ од 907.420.00 денари.

**Член 2**

За престанокот и давањето на користење на движните ствари од членот 1 на оваа Одлука ќе се склучи договор со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари кои се даваат на трајно користење.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 811**

**12. 06.2020 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за набавка на ново лесно теренско возило за потребите на ТППЕ бр. 0801 - 812 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817/4**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и точка 15 и член 62 став 1 и 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/02), и член 14 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен Гласник на Општина Свети Николе„ бр.01/2006) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.06.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за набавка на ново лесно теренско возило за потребите на ТППЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност за набавка на лесно теренско возило за потребите на Територијалната противпожарна единица – Свети Николе.

**Член 2**

Набавката на возилото ќе се изврши преку финансиски лизинг, а вкупната вредност на возилото нема да го надимне износот од 849.000,00 со ДДВ.Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Свети Николе и плаќањето ќе биде на 60 (шеесет) рати со 20% учество.

**Член 3**

Набавката ќе се изврши од страна на Комисија за јавни набавки основана од Градоначалникот на Општина Свети Николе.

**Член 4**

Теренското возило по завршувањето на постапката ќе биде заведено во евиденцијата на основните средства на Општина Свети Николе.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”

**Бр.0801- 812**
**12.06.2020година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на височината на надоместот на трошоците за периодот за кој ЈОУГД „Рахилка Гонева„ е затворена бр. 0801 - 813 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817/5**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 ств 1 точка 4 од законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) како и член 191 став 2 од Законот за заштитља на децата (Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18, Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19 и 275/19), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.06. 2020 година донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на висината на надоместот на трошоците за периодот за кој**

**ЈОУГД ,,Рахилка Гонева,, е затворена**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлуката бр.02-109/3 од 04.06.2020 година донесена од Управниот одбор на ЈОУГД Рахилка Гонева и утврдува висина на месечен надомест на трошоците за престој во јавната установа за деца што паѓа на товар на родителите во износ од 520,00 денари за периодот за кој јавната установа е затворена согласно со одлука на Влада на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801 - 813**

**12.06.2020 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на член во Управниот одбор на ОУ Дом на културата „Крсте Мисирков„ Свети Николе од редот на вработените бр. 0801 - 814 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817/6**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 34 и 37 од Законот за култура - пречистен текст („Службен весник на РМ„ бр. 66/03), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.06. .2020 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на член во Управниот одбор на ОУ Дом на културата „Крсте Мисирков„ Свети Николе од редот на вработените**

**Член 1**

Елизабета Коцева, се именува за член во ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе од редот на вработените со втор мандат.

Мандатот на именуваната трае 4 (четири) години.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801- 814**
**12.06.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во 6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи бр. 0801 - 815 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817/7**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМбр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден12. 06.2020 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на Општина Свети Николе во 6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за Кофинансирање на учество на Општина Свети Николе во **6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи** финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со оваа Програма ќе се ангажираат 18 невработени лица од Општина Свети Николе за период од 22 дена при што за ангажаманот ќе им следува надоместок за работното ангажирање во износ од 400 денари дневно односно 8800 денари за целокупниот ангажман, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест, при што 80% од средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и обврска за кофинансирање на Општина Свети Николе во износ од 20% од дневниот надоместок.

**Член 2**

Вкупните средства за Реализацијата на **6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи** изнесува 158 400 денари при што 126 720 денари се обезбедуваат од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија а 31 680 денари од Буџетот на Општина Свети Николе, согласно обврската за обезбедување на минимално кофинансирање од страна на Општина Свети Николе согласно Јвниот повик за **6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи** .

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за 2020 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување и истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801- 815** — **Совет на Општина Свети Николе**

**12.06.2020год.** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе бр. 0801 - 816 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12. 06. 2020 година.

**Бр.0901- 817/8** — **Општина Свети Николе**
**12.06. 2020 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа ,,(Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и чл. 26 став 1 точка 6 од законот за експропријација (,,Службен весник на РМ,, бр. 95/12, 131/12, 24/13 и 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 I 178/16), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.06. 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе**

**Чл.1**

Во Одлуката за резервирање средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе донесена од Советот на Општина Свети Николе под број 0801-777 од 18.05.2020 година во член 1 ставот 2 се менува и гласи:

„ дел од КП бр. 11173/1, И.Л..2632КО Св.Николе -град м.в.25 Мај, култура гнз, со повр. од 785м2; сопственост на Ристо Костадинов од Свети Николе, ул. Ангел Трајчев 61“.

**Чл.2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на општина Свети Николе“

**Број 0801-816**
**12.06.2020г.**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2020 година . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

2.Одлука за измена на распоредот на средствавта на Буџетот на Општина Свети Николе за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.3

3.Одлука за престанок и давање на трајно користење движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" – Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.4

4. Одлука за набавка на ново лесно теренско возило за потребите на ТППЕ . . . . . . ..стр.5

5.Одлука за утврдување на цена за висина за надоместок на услугите за период за кој јавната установа ДГ „Рахилка Гонева„ е затворена согласно Одлука на Владата на РСМ . . .стр.6

6.Одлука за именување на член во Управниот одбор на ОУ Дом на културата „Крсте Мисирков„ Свети Николе од редот на вработените . . . . .стр.7

7.Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во 6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.8

8.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.9

**Бр. 0801- 817**
**12.06. 2020 година**
**Свети Николе**